**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403 – 487/7**

**Скопје, 22. 11. 2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРВА ШТИП**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Штип за 2006 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиките извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на општина Штип, за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Панде Сарев, Градоначалник на Општина Штип во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 29.07. 2007 до 01.08.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 08-202/4 од 31.10.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка за наменски дотации (930) на општина Штип од Градоначалникот на општината. Истите се разгледани и е констатирано дека забелешките на наодот од точка 10.1.1. не се прифаќаат и наодот останува во Конечниот извештај од причина што истите имаат карактер на известување за причините за настанатата состојба со кое се потврдува наодот на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Штип на ден 31 декември 2006 година има неискористени средства во износ од 577 илјади денари. Ова е резултат на нереализирани програмски активности и несоодветна кординација помеѓу службите на општината и корисниците на наменските дотации, што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за буџет.
**Препорака:**
Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат во текот на буџетската година за која се дотирани, согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Штип на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

**Скопје, 19.11.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## ОПШТИНА ШТИП

## СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ 930

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 29,507 | 12,304 |
| **Вкупно приходи** | | **29,507** | **12,304** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 4,893 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 24,019 | 11,812 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **28,912** | **11,844** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **18** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **28,930** | **11,844** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **577** | **460** |

**ОПШТИНА ШТИП**

**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ 930**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 577 | 460 |
| Активни временски разграничувања | | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **577** | **460** |
| **Вкупна актива** | | **577** | **460** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 577 | 460 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **577** | **460** |
| **Вкупна пасива** | | **577** | **460** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*